**Предлог - мерки за справување со економските последици од корона вирусот од страна на Групацијата на осигурувањето**

Групацијата на осигурувањето при Стопанската комора на Македонија активно ја следи вонредната ситуација и во таа насока изразува својата подготвеност во целост да соработува со Агенцијата за супервизија на осигурувањето со цел да се намалат економските импликации од корона вирусот – COVID 19.

Осигурителни компании во нашата држава покажаа голема зрелост и одговорност во врска со преземање на навремени акции, чија примарна цел беше превенција и заштита на своите вработени, клиентите, соработниците и населението од пандемијата COVID-19. За таа цел, речиси сите друштва ги минимизираа своите дневни активности со воведување на контролирана директна комуникација, која би одржала оптимален дневен бизнис во нормални рамки.

Ваквите преземени чекори, не гарантираат реализација на планираните активности, особено доколку се земе во предвид побарувачката на пазарот на осигурување, кое во голема мера е под влијание на нарушената економска активност и ликвидност на стопанството и населението. Дополнителен ризик со којшто се соочуваат осигурителните друштва е падот на акции на берзите и удели во инвестициски фондови.

Во насока на минимизирање на негативните последици од пандемијата, подолу ви доставуваме предлози од членките на Групацијата на осигурување при Стопанската Комора,

1. Да се дозволи привремено користење на дел од побарувањата по основ на премија за осигурување како средства за покритие на техничките резерви (недоспеани или доспеани до 30 дена);
2. Времена толеранција на непокриеност на техничките резерви, под услов непокриеноста на техничките резерви да настанала како директен резултат на кризата и падот на цените на акциите на берзите и цените на уделите во инвестициските фондови, за инструменти кои веќе биле во портфолиото на друштвото пред настанување на вонредната состојба (пример, толеранција на одреден праг на непокриеност од 10%);
3. Привремено ослободување од издвојување на исправка на вредност на побарувањата по основ на премија, кои се доспеани до 120 дена;
4. Намалување на процентот на исправка на вредност на побарувањата по основ на премија за осигурување кои се доспеани над 365 дена поради ограничување на механизмите за присилна наплата (резултат на мерките на Владата за прекин на активностите на извршителите);
5. Времена толеранција на недостаток на капитал во однос на Гарантниот фонд, до одредена граница (пример, недостаток на капитал во однос на Гарантен фонд од 10%);
6. Привремено одлагање на плаќањето на надоместот за финансирање на супервизорскиот орган од страна на друштвата за осигурување.
7. Поради неможноста да се потпише понуда за осигурување од страна на Договорувачот и Осигуреникот, предлагаме понудата да биде валидна потпишана, скенирана со уплатен капар и за тие лица кои немаат пристап до опрема за печатење/скенирање понудата да биде валидна со потврда за прифаќање на маил (без потпис на понуда) и уплата на капар;

8. Во однос на ограничената можност за достава на полиси, да се прифаќа достава на полиси по електронски пат или за лица кои не користат електронска пошта да се доставува инфо преку смс;
9. Можност за неусогласеност на лимити за вложувања од мин 80% на математичка резерва во девизна валута, поради очекуван намален прилив на ликвидни средства ќе се намали можноста за учество на аукции на државни обврзници со ЕУР клаузула. Предлагаме да се намали лимитот од 80% покриеност на математичка резерва во девизна валута.

10. **Репрограмирање на датумите за уплата на 3-те преостанати рати за уплата на годишниот надоместок за спроведување на супервизија, утврдени со решение на АСО, за секое Друштво за осигурување, поединечно.** Имено, предлагаме секоја поединечна квартална рата **наместо на утврдените датуми: 15.4, 15.7 и 15.10.2020 година, да се плаќа на 3 еднакви рати, секој месец, почнувајќи од 15.4.2020.** Така на пример, ратата која доспева на 15.4., наместо одеднаш, друштвата би ја платиле на три еднакви рати, и тоа: 1-ва рата на 15.4., 2-ра рата на 15.5. и 3-та рата на 15.6.2020, и така натаму секој месец, заклучно со последната уплата која би била на 15.12.2020 година;

11. **Привремена промена на регулативата во надлежност на АСО, и тоа промена на Правилникот за методот за вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловните биланси, со примена од 31.03.2020 до 31.03.2021 година.**
    a. Во овој дел, би сакале да дадеме предлог за промена во делот V. ВРЕДНУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊА ПО ОСНОВ НА ПРЕМИЈА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ И ПОБАРУВАЊА ПО ОСНОВ НА РЕГРЕС И УТВРДУВАЊЕ НА ИСПРАВКА НА ВРЕДНОСТ – ПОСЕБНА РЕЗЕРВА од гореспоменатиот правилник.

    b. Имено, во став 1 од членот 7 од Правилникот, во зависност од времето на доцнење во исполнување на обврските од страна на должникот, сметано од денот на доспевање на побарувањето, се утврдени категориите: **А (доцнење до 30 дена), Б (доцнење од 31 до 60 дена), В (од 61 до 120 дена), Г (од 121 до 270 дена), Д (од 271 до 365 дена) и Ѓ (доцнење подолго од 365 дена)**. Понатаму, соодветно на категориите, друштвата за осигурување се должни да утврдат соодветна исправка на вредност – Посебна резерва на побарувањата класифицирани во согласност со став 1 на овој член, како % од вкупната вредност на секое поединечно побарување, и тоа **0% за побарувања со доцнење до 30 дена, минимум 10% за доцнење до 60 дена (или Б категорија), 31% за категорија В, 51% за Г, 71% за Д и 100% за Ѓ.** Дополнително, со правилникот е утврдена и обврската за исправка на вредноста и на недоспеани побарувања во висина од 100% доколку со анексот на договорот (полисата) се утврдени договорени рокови за доспевање (валути на плаќање) по истек на скаденцата по договорот за осигурување, почнувајќи од првиот ден на истек на скаденцата и без оглед на периодот на доцнење во исполнување на обврската од страна на должникот.

c. Во овој дел, предлагаме **времена промена на класификацијата на побарувањата со поместување на категориите за <u>дополнителни 60 дена</u>, а која би се применувала во рок од 1 година, почнувајќи од 31.03.2020 до 31.03.2021 година, за секоја поединечна категорија.**
d. Тоа би значело, на пример, дека во категоријата А ќе бидат класифицирани побарувања од должници кои своите обврски спрема друштвото не ги исполниле на датумот на доспевање на побарувањето и истото не го сториле во период до 90 дена од денот на доспевање, категорија Б – до 120 дена, В – до 180 дена, Г – до 330 дена, Д – до 425 дена, Ѓ – подолго од 425 дена. Воедно, исправката на вредноста на недоспеаните побарувања во висина од 100% од вредноста на побарувањата, со договорени валути на доспевање после скаденцата на договорот (полисата) да се применува после 60 дена од истек на скаденцата.

e. Воедно, ви предлагаме само еден пример за времено поместување на роковите, но било која варијанта на овој предлог би била прифатлива како олеснување за постепено апсорбирање на трошоците за исправка на вредноста на побарувањата во деловните биланси на друштвата, а во контекст на вонредната состојба и глобалната економска и финансиска криза која следува. Предлогот е со времен карактер, со оглед на тоа дека за период од 1 година се очекува постепено закрепнување на глобалната економија, веруваме дека друштвата за осигурување би се вратиле во некоја подобра кондиција и би можеле да се вратат на претходниот (моменталниот) начин на категоризација на побарувањата.

12. Предлагаме да се усвои измена во законската одредба за покриеност на техничките резерви (член 86, став 2 од Законот за супервизија на осигурување и соодветната подзаконска регулатива – во прв ред Правилникот за видови и карактеристики на средствата кои ги покриваат техничките резерви и средствата кои ја покриваат математичката резерва, како и детално пласирање и ограничување на тие вложувања и нивно вреднување – член 2, точка 7).
    a. Измената би се однесувала на можноста **покритието на техничките резерви со вложувања да изнесува до 90%** за првиот и вториот квартал од годината, односно до завршувањето на кризата со која се соочува македонската економија заради епидемијата;
13. Во таа насока, предлагаме и измена на ограничувањата кај одделните вложувања кои ги покриваат техничките резерви, односно на ограничувањето на вложувањата во парични средства во благајна и средства на деловните сметки на друштвата за осигурување (банкарски сметки) определено во точка 2) од став (1) од членот 89 од Законот за супервизија на осигурување и соодветната подзаконска регулатива – член 5 од Правилникот за видови и карактеристики на средствата кои ги покриваат техничките резерви и средствата кои ја покриваат математичката резерва, како и детално пласирање и ограничување на тие вложувања и нивно вреднување.

a. Заради одржување на ликвидноста, како прв приоритет во работењето на друштвата, а и како резултат на оперативните предизвици со кои може да се соочат во поглед на брзината на трансфер на вложувањата предлагаме **ограничувањето на вложувањата на средствата кои ја покриваат техничката резерва во парични средства да изнесува 15%** за првиот и вториот квартал од годината, односно до завршување на кризната состојба;

14. Предлагаме измена на член 7 од Правилникот за методот на вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловните биланси со кој побарувањата од осигуреници ќе се класифицираат по ризични категории, во зависност од деновите на доцнење на наплата на побарувањата на следниот начин:
15. **Категорија А** со исправка на вредност од 0%- Побарувања од должници кои своите обврски спрема друштвото не ги исполниле на датумот на доспевање на побарувањето и истото не го сториле во период **до 90 дена од денот на доспевање на побарувањето**;
16. **Категорија Б** со исправка на вредност од 10% до 30% - Побарувања од должници кои своите обврски спрема друштвото не ги исполниле на датумот на доспевање на побарувањето и истото не го сториле во период **од 91 до 120 дена од денот на доспевање на побарувањето**;
17. **Категорија В** со исправка на вредност од 31% до 50% - Побарувања од должници кои своите обврски спрема друштвото не ги исполниле на датумот на доспевање на побарувањето и истото не го сториле во период **од 121 до 270 дена од денот на доспевање на побарувањето**;
18. **Категорија Г** со исправка на вредност од 51% до 70%- Побарувања од должници кои своите обврски спрема друштвото не ги исполниле на датумот на доспевање на побарувањето и истото не го сториле во период **од 271 до 365 дена од денот на доспевање на побарувањето**;
19. **Категорија Д** со исправка на вредност од 71% до 100%- Побарувања од должници кои своите обврски спрема друштвото не ги исполниле на датумот на доспевање на побарувањето и истото не го сториле во период **од 365 до 730 дена од денот на доспевање на побарувањето**;
20. **Категорија Ѓ** со исправка на вредност од 100%- Побарувања од должници кои своите обврски спрема друштвото не ги исполниле на датумот на доспевање на побарувањето и истото не го сториле во период **подолг од 730 дена од денот на доспевање на побарувањето**;
21. Сметаме дека заради нарушената ликвидносна состојба во државата овој начин на класификација на побарувањата треба да се применува во првиот и вториот квартал од годината;

22. Заради одржување на ликвидноста на друштвата за осигурување, а со цел навремена исплата на обврските спрема осигурениците и вработените, предлагаме времено суспендирање на обврските за исплата на надомести кои друштвата за осигурување ги плаќаат кон државните институции:
23. Обврската за исплата на надомест за супервизија – член 4, став (2) од Тарифникот за содржината и висината на надоместоците и давачките што ги наплатува Агенцијата за супервизија и роковите за уплата – за вториот и третиот квартал од 2020 година да се овозможи плаќање во текот на 2021 година;

24. Обврската за исплата на средства за противпожарен придонес – член 49 од Законот за пожарникарство – за 2020 година да се овозможи плаќање во текот на 2021 година;
25. Обврската за исплата на средства за безбедност во сообраќајот – член 37 од Законот за здравствено осигурување – за 2020 година да се овозможи плаќање во текот на 2021 година;
26. Заради ризиците поврзани со оперативното работење на друштвата за осигурување, предлагаме времена суспензија на обврската за потпишување на полисата за осигурување од страна на договорувачите (член 957 од Законот за облигациони односи). Со оглед на тоа дека голем дел од друштвата за осигурувања се ориентираа кон алтернативни начини на продажба, согласно препораките и мерките за заштита заради состојбата со вирусот COVID-19, предлагаме, за времетраењето на кризата, договорите за осигурување да се сметаат за склучени доколку се обезбеди доказ дека се доставени до договорувачите - преку e-mail порака, по пошта или било кој друг начин на достава кој може да се докаже.

27. Во делот на штети предлагаме флексибилност во примената на чл.12 став 3 од подзаконскиот акт ,,**ПРАВИЛНИК ЗА МИНИМАЛНАТА СОДРЖИНА НА ЕВИДЕНЦИЈАТА И НАЧИНОТ НА ПРИЈАВА, РЕЗЕРВАЦИЈА И ЛИКВИДАЦИЈА НА ШТЕТИ ОД СТРАНА НА ДРУШТВАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ“** кој предвидува регистрирање на штети во рок од два работни дена од приемот на барањето за надомест на штета. Во оваа насока предлагаме АСО да определи пролонгиран вонреден рок во кој Друштвата ќе може да пријавуваат штети во услови на прогласена вонредна состојба. Нашето мислење е дека треба да се дозволи пролонгиран рок од 5 работни дена за пријава на штети;
28. Воедно предлагаме АСО да заземе став дека при вршење на супервизија на работењето на Друштвата за осигурување ќе го изземе периодот на вонредната состојба при утврдување на усогласеност на работењето на Друштвата за осигурување во насока на почитување на чл. 5 став 2 од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот (Службен весник на РМ бр. 88/2005, 70/2006, 81/2008, 47/2011,135/2011, 112/14, 145/15, 220/19).
    a. Причините за наведените предлози се почитување на препораките на Владата на Р.С.М во услови на прогласена вонредна состојба поради кои Друштвото за осигурување работи со намален капацитет на активно вклучени работници во процесот на пријава, проценка и решавање на штети;
29. Предлагаме за време на вонредна состојба договорите за осигурување кои не се потпишани од Договорувачот на осигурувањето да се сметат за склучени доколку е добиена согласност/потврда по електронски пат (е-пошта, СМС и сл.) или доколку другата страна со некое свое дејствие потврдила дека договорот е склучен (на пр. со плаќање на рата);
30. Според Закон за платниот промет, член 20 став (3) „Учесникот во платниот промет - правно лице е должен сите парични средства од дневниот пазар примени во готово по која и да било основа да ги уплати најдоцна наредниот работен ден на својата трансакциска сметка.“ За да се избегне фреквентен личен/директен контакт, во однос на предавањето на готовина, би било пожелно да се продолжи рокот за уплата на паричните средства од дневниот пазар примени во готово на трансакциска сметка, за на пример 72 часа;

31. Ставање во мирување до 31.07.2020 година на член 7 од **ПРАВИЛНИК за методот за вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловните биланси.**

32. Одлагање на рокот за пријавување на штети од 24 часа, на 5 дена;
33. Загрозена навременост при проценка на објекти и опрема, поради препораките за превенција на вирусот преку намалување на директни контакти;
34. Опасност од пробивање на рокови за исплата и ликвидација на штети, поради дел од преземените мерки на Владата во вонредна состојба.

35. Воведување на привремена мерка за намалување на техничките резерви кој што ќе иницира баланс со негативниот финансиски резултат кој произлегува од ненавремено наплатените побарувања;
36. Овозможување на интерен привремен правилник за измена на исправката на вредност на побарувањата со одреден кредитен период не помал од 3 месеци, кој што ќе биде уреден со општата деловната политика на Друштвото;
37. Времено зголемување на рокот за обработка и исплата на оштетни побарувања;
38. Исплата во целост на субвенции од државата по полиси посеви и плодови и животни;
39. Итна исплата на полисираната премија од страна на сите јавни субјекти кои имаат активни договори за осигурување, а кои немаат извршено делумна или целосна уплата кон осигурителната компанија;
40. Итна уплата на по сите идни осигурувања кои јавните институции ќе ги спроведат преку јавна аукција;
41. Ослободување од обврски за плаќање на придонеси за вработените во следните 3 месеци;
42. Ослободување од обврски за плаќање на даноци за деловните простории кои се изнајмуваат во наредните 3 месеци;
43. Размислување на можност за дополнително субвенционирање на осигурениците, односно делумно преземање на дел од премиските стапки од страна на Државата, со цел да се одржи нивото на осигурителниот пазар кој има значајни финансиски импликации.

Напоменуваме дека сите предлози се од времен карактер, односно законските и подзаконските измени донесени со цел да се одржи ликвидноста во друштвата за осигурување, како и да се олесни работењето во услови на епидемија, прогласена вонредна состојба и преземање на мерки за заштита на населението, би важеле само до завршувањето на кризната состојба, односно непосредно после тоа, по што би се преземале сите потребни чекори за консолидација на работењето и исполнување на сите предвидени законски и подзаконски обврски од друштвата за осигурување.